РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08- 299/4
28.04. 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 53 седница одржана на 18.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Јавно здравство", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Јавно здравство", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на науки по јавно здравство /во меѓународен промет академски назив: PhD in Public health.

Научно - истражувачко подрачје: 3 Медицински науки и здраство; Научно – истражувачко поле: 3.03 Здравствени науки 3.03.01 Јавно здрсвство и здраствена заштита, Научно - истражувачко област: 3.03.01.01 Епидемија со здравствена статистика и информатика, 3.03.01.02 Хигиена, 3.03.01.03 Социјална медицина во јавно здравје, 3.03.01.04 Медицина на трудот, 3.03.01.05 Геронтологија, 3.03.01.06 Спортска и училишна медицина, 3.03.01.07 Здравствен менаџмент, 3.03.01.08 Јавно здравство во стоматологија, 3.03.01.09 Друго.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Весна Велиќ Стефановска, проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, проф. д-р Розалинда Исјановска, проф. д-р Драган Даниловски, проф. д-р Никола Оровчанец, проф. д-р Билјана Таушанова, проф. д-р Ирина Павловска, проф. д-р Моме Спасовски, проф. д-р Фимка Тозија, проф. д-р Елена Ќосевска, проф. д-р Јованка Караџинска Бислимовска, проф. д-р Јордан Минов, проф. д-р Драган Ѓорѓев, проф. д-р Михаил Кочубовски, проф. д-р Гордана Ристовска, проф. д-р Игор Спироски, проф. д-р Татјана Зорчец, проф. д-р Владимир Андреевски, проф. д-р Бети Тодоровска, проф. д-р Мирјана Димовска, проф. д-р Виолета Анастасовска, проф. д-р Павлина Цекова Видимлиски, проф. д-р Кристина Скепаровска, проф. д-р Дончо Донев.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-142/12 од 30.01.2026 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Јавно здравство", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 09-511/1 од 30.01.2026 година (наш бр. 08 - 299/1 од 30.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 49-та седницата одржана на 13.02.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 299/3 од 27.03.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024) и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 53-та седница одржана на 18.03.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков